**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГЕОГРАФИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2602-394/8 од 13.3.2015 година донесена на 130. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 13.3.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *Географија* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

– проф. д-р Благоја Маркоски, редовен професор на Институтот за географија на ПМФ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје, претседател;
– проф. д-р Никола Димитров, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, член;
– проф. д-р Златко Јаковлев, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 7.3.2015 год. и во предвидениот рок се пријави д-р Цане Котески, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **доц. д-р Цане Котески** е роден на 1 јули 1964 година во Прилеп. Основно образование завршува во ОУ „Кочо Рацин“ во с. Беровци и Старо Лагово, додека средно образование завршува во ЕМУЦ „Ристе Ричковски“ – Ричко, Прилеп. Во 1983/1984 год. се запишува како редовен студент на Географскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршува на 14 јули 1988 год. како редовен студент на насоката Наставна географија, со просечен успех 8.46 и се стекнува со стручен назив дипломиран професор по географија.

На втор циклус студии се запишува во 2000/2001 година на Институтот за географија – ПМФ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Испитите од постдипломските студии ги положува со просечен успех 9.16 и на 8.12.2004 година успешно го брани магистерскиот труд со наслов „Тематски атлас на Мариово и Раечка Котлина” под менторство на проф. д-р Благоја Маркоски, така што се стекнува со научен академски степен магистер на географски науки.

Докторската дисертација со наслов „Слив на Црна Река - Географско картографско моделирање, диференцјација и функционален развој на одделните регионални целини“ под менторство на проф. д-р Благоја Маркоски успешно ја одбранува на 15 март 2010 година на Институтот за географија на Природно-математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје и се здобива со научен академски степен доктор на географски науки.

Кандидатот д-р Цане Котески стекнувањето на работното искуство го започнува со вработување во 1995/1996 година каде што работи во ОУ „Кире Гаврилоски – Јане“ и од 1996 до 2008 година работи во Средното државно економско, правно и трговско училиште „Кузман Јосифоски – Питу“ во Прилеп, како професор по географија.

***Работно искуство***

Врз основа на Конкурсот (од 23 јули 2008 година, објавен од страна на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип), на 6 август 2008 година на седницата на Матичната комисија за основање на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“, на 1-11-2008 г. е избран за асистент по предметот Туристичка географија (Договор за вработување бр. 0307-193/82 од 1.11.2008 год. на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип, со ангажман на Факултет за туризам и бизнис логистика на катедрата за туризам).

Во периодот од 2008 до 2010 год. кандидатот м-р Цане Котески работи како асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија.

Во периодот од 2010-2015 година, кандидатот д-р Цане Котески работи како доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика - професор по повеќе наставни предмети, како и низа други работни обврски и задолженија како член во повеќе комисии и работни тела, кои и денес тековно ги обавува.

Од учебна 2010/2011 година работно е ангажиран и на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“, на Катедратата за географија. На студиската програма по географија како професор реализира настава по група предмети.

Од изборот во звање доцент (6.9.2010 до 2015 год.) до денес, кандидатот д-р Цане Котески, активно учествува на домашни и меѓународни научни собири симпозиуми, конференции, трибини, саеми и слично.

Вкупен работен стаж на кандидатот доц. д-р Цане Котески изнесува 17 години и 7 месеци, сите поминати во образование.

Имено, кандидатот д-р Цане Котески своето работно искуство го поминал низ сите степени на образование во нашиот образовен систем, и тоа како вработен наставник по географија во основно, преку наставник-професор по географија во средно образование и во високо образование. Во сите степени на образование примарна цел во професионалниот ангажман му била географската настава и наука.

**ЗАКОНСКИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР**

1. Со Одлука бр. 2602-68/12 од 6.9.2010 год. д-р Цане Котески е избран за доцент од научната област географија на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
2. Просек на студиите од прв циклус студии – 8,46 и просек на студиите од втор циклус на студиите 9,16.
3. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации *(Трудовите со реден број 6, 7, 8, 9 и 10 во табелата се меѓународни публикации)*.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Публикација | Година на публикацијата |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Jakovlev,Z., **Koteski, C.,** Dimitrov, N. | *Tourist criminality* | LAP Lambert Academic Publishing GmbH&Co.KG, Saarbrucken, Germany. ISBN 978-3-659-33708-6 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12648 | 2015 |
| 2 | **Koteski,C.,** Dimitrov,N., Jakovlev, Z. | *Bitola region in Macedonia - settlements.* | LAP Lambert Academic Publishing GmbH&Co.KG, Saarbrucken, Germany. ISBN 978-3-659-68316-9 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12432 | 2015 |
| 3 | **Koteski,C.,** Dimitrov,N., Jakovlev, Z. | *Opportunities for development of spa tourism in R.Macedonia.* | LAP Lambert Academic Publishing, Deutschland/Germany. ISBN 978-3-659-58922-5 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11053 | 2014 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Dimitrov,N., **Koteski,C.,** Josheski, D. | *Bitola region in Macedonia - Population.* | Lambert Academic Publishing. ISBN 978-3-659-67674-1 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11993 | 2014 |
| 5 | **Koteski, C.** | *Thematic atlas of Mariovo and Raechka valley in Macedonia.* | LAP Lambert Academic Publishing GmbH&Co.KG, Saarbrucken, Germany, pp. 1-222. ISBN 978-3-659-38483-7 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6323 | 2013 |

4. Објавени два научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Koteski,C.,** Josheski,D., Dimitrov,N., Jakovlev,Z., Bardarova,S., Serafimova, M. | *Volatility and growth* | Wulfenia Journal, (2014), 20 (12). pp. 1-12. ISSN 1561-882X http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/8308 | ISI Web of Science IF: 0.267 |
| 2 | **Koteski,C.,** Josheski,D., Dimitrov,N., Jakovlev,Z., Bardarova,S., Serafimova, M. | *Democracy, demography and economic growth: Empirical investigation of association between those three* | Wulfenia Journal, (2013), 21 (4). pp. 247-257. ISSN 1561-882X http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9757 | ISI Web of Science IF: 0.267 |

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

На 6 август 2008 година на седницата на Матичната комисија за основање на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“, од Договор за вработување бр. 0307-193/82 од 1 ноември 2008 год. е избран за асистент по предметот Туристичка географија. Во периодот од 2008 до 2010 год. м-р Цане Котески ги изведува вежбите по предметот Туристичка географија, термален туризам и сообраќај во туризмот.

Со Одлука бр.2602-68/12 од 6 септември 2010 год. д-р Цане Котески е избран за доцент од научната област географија на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Во периодот од 18 април 2011 до 27 април 2015 год. е член на Сенатот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Од учебната 2010/2011 година на Факултетот за природни и технички науки (ФПТН) при УГД-Штип одржува настава на четири наставни предмети во прв циклус – катедра/студиска програма по географија.

Во изборниот период покривал повеќе предмети на прв и втор циклус.

***Прв циклус студии***

**Факултет за туризам и бизнис логистика на насоките: Туризам, Гастрономија исхрана и диететика** во Гевгелија, Штип и во Скопје одржувал настава од предметите: Термален бањски туризам; Сообраќај во туризмот; Меѓународен туризам; Маркетинг во угостителството и туризмот; Истражување на туристичкиот пазар; Туристичка картографија; Туристички дестинации.

**Факултет за природни и технички науки на Катедрата по географија** одржувал настава од предметите: Историја на географијата; Географски основи на просторно планирање; Социоекономска географија на Република Македонија; Примена на ИКТ во наставата по географија.

***Втор циклус студии***

***Факултет за туризам и бизнис логистика на насоката Меѓународен туризам:*** Меѓународен туристички сообраќај; Меѓународен туристички пазар.

Од изборот во доцент на Универзитетот „Гоце Делчев“, д-р Цане Котески за потребите на наставата на Факултетот за туризам и бизнис логистика има издадено рецензирана скрипта и рецензиран практикум:

**Koteski, C.,** Kitanov, V. (2014) *Скрипта по Сообраќај во туризмот*. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, ISBN 978-608-244-025-5 (рецензирана скрипта, објавена на е-библиотека);

**Koteski, C.,** Kitanov, V. (2014) *Практикум по предметот Сообраќај во туризмот*. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, ISBN 978-608-244-026-2 (рецензиран практикум, објавен на е-библиотека).

Во изборниот период има објавено над 60 научни трудови во меѓународни списанија, со и без импакт фактор, меѓународни и домашни конференции, книги во земјава и во странство и монографии.

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Научноистражувачката дејност на кандидатот д-р Цане Котески може да се оцени преку бројните научноистражувачки трудови издадени во научни и стручни публикации и во зборници од научни конференции одржани во земјава и во странство во изборниот период од 2010 до 2015 год.

Во време на изборниот период, кандидатот д-р Цане Котески има публикувано монографии и научни книги во земјава и во странство, со научноистражувачка и стручно-апликативна примена, согласно со критериумите дефинирани во Законот за високо образование. Наведените трудови се составен дел на е-репозиториумот при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

***Учество во проекти***

**Назив на проектот, организатор, тема на истражување и апликација, својство и година на реализација**

1. Проект „ТУР РЕТУР“, Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија, Обука за туристички водич, туристички придружник и раководител на туристичка агенција, Учесник од 2011 год. - тековно.
2. Jakovlev, Z., Koteski, C., Petrevska, B., Serafimova, M., Zezova, A., Apostolov, M., Josheski, D., Paceskoski, V., (2015) *Детерминирање на туристичките настани во Источниот регион на Република Македонија*. [Project](Submitted), 29.1.2015 г.
3. Dimitrov, N., Taskov, N., Koteski, C., Mitreva, E., Metodijeski, D., Angelkova,T., Josheski, D., Filiposki, O., Kovacevik, K., (2015) *Историско-географски пресек на туризмот и угостителството во Република Македонија*. [Project](Submitted), 29.1.2015 год.

**Опис на поважни трудови на кандидатот**
**д-р Цане Котески (од изборот за доцент во 2010 год.)**

**1. Koteski, C.,** Kitanov, V. (2014) *Сообраќај во туризмот*. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип,

ISBN 978-608-244-025-5 (рецензирана скрипта, објавена на е-библиотека)

Авторите во скриптата обработиле седум глави за: Историските услови за појавата на сообраќајот како самостојна активност; Меѓузависноста на сообраќајот и туризмот; Сообраќајот во поврзувањето на емитивните и рецептивните подрачја; Сообраќајот како самостоен и доминантен дел на туристичкиот производ; Сообраќајот и неговата улога во снабдувањето на туристичките дестинации-логистика во туризмот; Економиката и експлоатацијата на сообраќајните средства и сообраќајна инфраструктура; Сообраќајот, безбедноста и заштитата на шивотната средина, детерминанти, одредници на развојот на сообраќајот во туризмот.

**2. Koteski, C.,** Kitanov, V.(2014) *Практикум по предметот Сообраќај во туризмот*. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, ISBN 978-608-244-026-2 (рецензиран практикум, објавен на е-библиотека)

Авторите на Практикумот по предметот Сообраќај во туризмот го намениле за изведување на часовите по вежби за студентите од прва година на насоката ГИД - Штип, Скопје и втора година четврт семестар на насоката Туризам – Гевгелија.

**3. Koteski, C.** (2011) *Сливот на Црна Река*. 2-ри Август - Штип. ISBN 978-608-4662-03-7

Авторот во научната книга „Сливот на Црна Река" ги истражува проблемите за: географско картографското моделирање, воведните забелешки; географската положба на сливот на Црна Река во Република Македонија и Република Грција; Физичко-географските карактеристики; Социо- географските карактеристики; Економско-географските одлики; Регионално географската диференцијација и функционален развој на сливот на Црна Река.

**4. Koteski, C.,** Jakovlev, Z. (2014) *Маркетинг во угостителството и туризмот*. 2 Август, Штип, Македонија. ISBN 978-608-4662-23-5

Авторите во стручната книга ги обработиле за вовед и значењето на маркетингот; улогата на маркетингот во туризмот; сегментацијата на туристичкиот пазар; концепцијата на туристичкиот производ; цените, теоријата, факторите и размислувањата; концептот и улогата на дистрибуција во туризмот; промоцијата и политиката во туризмот и дефинирање на вредноста на клиентите и задоволството.

**5.** Dimitrov, N., **Koteski, C.** (2014) *Географскиоснови на просторно планирање*. Самостоен издавач, Штип. ISBN 978-608-65616-1-1

Авторите во стручната книга анализираат повеќе теми за теми од проблематиката на просторното планирање, но со посебен осврт на географските основи на просторното планирање.

***Научни книги и публикации објавени во странство:***

**6.** Jakovlev, Z., **Koteski, C.,** Dimitrov, N. (2015) *Tourist criminality.* LAP Lambert Academic Publishing GmbH&Co.KG, Saarbrucken, Germany. ISBN 978-3-659-33708-6

Во оваа книга авторите ги анализираат поглавјата за развојот на туризмот, со условите за развој на туризмот, дефиницијата на туризмот, позитивните и негативните ефекти на туризмот, потребата од дефинирање на туризмот, криминалитетот и неговите составни елементи, потесниот и поширокиот туристички криминалитет, теориите на криминал, структурата на туристичкиот криминал, имотниот криминал во областа на туризмот, шумските пожари, сексуалните престапи и другите чинители на туристички дела, туристичките злосторства, жртви и спречување на туристичкиот криминал и криминалниот туризам.

**7. Koteski, C.,** Dimitrov, N., Jakovlev, Z. (2015) *Bitola region in Macedonia - settlements*. LAP Lambert Academic Publishing GmbH&Co.KG, Saarbrucken, Germany. ISBN 978-3-659-68316-9

Во оваа книга авторите даваат анализа за населбите во битолскиот регион, со општините: своите населби, исчезнатите и раселени села во Битолско, како и верските храмови во Битолскиот регион.

**8. Koteski, C.,** Dimitrov, N.,Jakovlev, Zlatko (2014) *Opportunities for development of spa tourism in R.Macedonia*. LAP Lambert Academic Publishing, Deutschland/Germany. ISBN 978-3-659-58922-5

Авторите во ова стручна книга направиле анализа за Република Македонија која се карактеризира со многубројни природни богатства кои може да се користат за туристите. Тоа се: планините, речни долини, атрактивни езера, извори и термоминералните води. Како и другите земји во светот, така и нашата земја која има толку мал простор, а изобилува со многу термални извори. Термоминералните извори имаат хетероген состав на водата. Ова огромно природно богатство дозволува, првенствено за развој на бањскиот и здравствениот

туризам. Во овој стручен труд се обработени и презентирани сите можности и перспективи за развој на топлинскиот (СПА) туризам во постојните бањи во нашата земја, како што се: Банско, Дебарските бањи, Катлановска бања, Кежовица, Кочанска бања, Кумановска бања и Негорска бања.

**9.** Dimitrov, N., **Koteski, C.,** Josheski, D. (2014) *Bitola region in Macedonia - Population*. Lambert Academic Publishing. ISBN 978-3-659-67674-1

Авторите во стручната книга ги анализираат трите општини: Битола, Могила, Новаци и верниците кои припаѓаат на Битолскиот регион. Текстот изобилува со детални податоци за населението поддржано со табели, слики, цртежи, мапи итн. Во однос на население, се обработуваат демографските и етнографските карактеристики на населението, како и за територијална поделба на регионот на Битола.

**10. Koteski, C.** (2013) *Thematic atlas of Mariovo and Raechka valley in Macedonia*. Geografija - Tematska kartografija. LAP Lambert Academic Publishing GmbH&Co. KG, Saarbrucken, Germany, pp. 1-222. ISBN 978-3-659-38483-7

Во ова научна книга авторот го претставува за првпат направениот „Тематскиот атлас за Мариовска и Раечка долина" во нашата земја Република Македонија, каде што со примена на современа ИТ опрема и современи информациски софтверски пакет AUTO KAD MAP и користење на голем број географско картографски методи се изработуваат 47 тематски карти за: Физичко географските карактеристики (геолошка структура, тектоника, релјефот, климата и климатските елементи, хидрографијата, почвата, видови на флора и фауна и фенолошките карактеристики), населението и домаќинствата, населбите, економско - географските карактеристики, сообраќајот и трговијата, туризмот и натамошниот економски развој на Мариовска и Раечка котлина во Република Македонија.

***Дел од монографија или научна книга во земјата***
***Објавени поглавја во научни (монографии и книги во земјата)***

**11. Koteski, C.,** Jakovlev, Z., Koteski, G. (2014) *Прилеп – милениумско пулсирање (1014-2014) - Природно географски карактеристики на градот Прилеп*. Working Paper. Друштво за наука и уметност - Прилеп и Локална самоуправа на Општина Прилеп.

Авторите во поглавјето од Монографијата за градот Прилеп по повод 1.000 години од постоењето на градот Прилеп ги истражуваат „Природно географските карактеристики на градот Прилеп" се обработени поглавјата за: географската положба, физичко-географските одлики: геолошка градба и релјефна структура, климата и климатските елементи, температурата на воздухот, вегетациониот период, релативната влажност на воздухот, ветровите, облачноста, врнежите, останати видови на врнежи и појави: дожд, снег и магла, хидрографијата и сообраќајна поврзаност на градот Прилеп.

**12. Koteski, C.,** Jakovlev, Z., Koteski, G. (2014) *Монографија за Прилеп - население*. Working Paper. Друштво за наука и уметност Прилеп и Локална самоуправа Прилеп, Прилеп.

Авторите во поглавјето од Монографијата за градот Прилеп по повод 1.000 години од постоењето на градот Прилеп е направена анализа за населението во градот Прилеп со следните поглавја: Демографска структура на населението, динамика на населението, природно движење на населението, полова структура на населението, број на движење на домаќинствата, население според писменост и школска подготовка, национална структура на населението, население по активност и миграции на населението во градот Прилеп.

***Трудови објавени во научно списание опфатено со SCI:***

**13. Koteski, C.,** Josheski, D., Dimitrov, N., Jakovlev,Z., Bardarova, S., Serafimova, M.(2014) *Democracy, demography and economic growth: Empirical investigation of association between those three*. Wulfenia Journal, 21 (4). pp. 247-257. ISSN 1561-882X.

Во овој научен труд авторите ги обработиле прашањата за демократијата, демографијата и економскиот раст. Како резултат е прикажан ефектот на демократијата врз економскиот раст дали е позитивен и статистички. Во последниот дел од трудот постојат претставени два модели, каде што оваа студија ги дава контролите за старосната структура на населението.

**14. Koteski, C.,** Josheski, D., Dimitrov, N., Jakovlev, Z., Bardarova, S., Serafimova, M.(2013) *Volatility and growth*. Wulfenia Journal, 20 (12). pp. 1-12. ISSN 1561-882X

Во овој труд е разгледано прашањето за поврзаноста помеѓу нестабилноста на растот на производството и растот на производството. Во некои случаи се наоѓаат позитивни асоцијации помеѓу нестабилноста и растот на голем примерок на обединети податоци (од сите географски региони).

Вклучување на макроекономските нерамнотежи (Црниот пазар Премиум) и трговијата (Реал / Тековната отвореност), не се однесува на нестабилноста многу но исто така не влијае на растот на БДП, бидејќи овие променливи немаат статистичка значајност. Другите варијабли од неокласичната функција (човечкиот капитал, физичкиот капитал (інвестициите) и (конвергенцијата) имаат влијание врз растот на БДП, како што се очекувало.

***Трудови објавени во научно списание во странство***

**15. Koteski, C.,** Josheski, D., Jakovlev, Z., Dimitrov, N., Bardarova, S. (2014) *Македонија демографски старее*. Journal of Earth Science and Enginering, 4 (7). pp. 445-454. ISSN 2159-581X.

Во овој труд авторите сакаат да прикажат дека Македонија со години демографски старее, оваа констатација е поткрепена со конкрени податоци за процесот на стареење на популациијата.

Во прилог на генералниот текст, за хронолошкиот приказ на стареењето на македонското население, дадени се неколку табеларни прегледи. Трудот завршува со предлозите за остварување на разни консеквентни закони, стратегии, стимулации, бенефиции, во правец на пронаталитетна популациона политика, која по извесен период, една/две децении ќе продуцира нејзино стабилизирање и регулирање на идниот демографски развој на Република Македонија.

**16.**Jakovlev,Z., **Koteski,C.,** Bardarova,S., Zezova, A., Dzambazoski, K., Koteski, G.(2014) *Animator's Roles in Enriching the Content of Tourist Stay*. Journal of Tourism and Hospitality Management, 2 (3). ISSN 2328-2169

Во овој научен труд авторите даваат објаснување за значењето на успешната анимација на посетителите, аниматорите мора да ги извршуваат многу комплексни, тешки и динамични задачи. Професионалното извршување на задачите укажува на потребата од аниматорите да бидат комплетна личност. Тоа значи дека тој / таа не само што мора да имаат солидно образование, но, исто така, мора да бидат специјализирани за одредени активности. Постојат различни видови на аниматори, така што нивната разновидност е огледало на успехот на хотелите. Аниматорите мора да имаат некои основни физички ипсихолошки карактеристики. Значи, и покрај знаењето и искуството, аниматорите мора да има вродено карактеристики како што се талентот и хуморот.

Смислата за хумор и способност за работа со луѓето се две важни карактеристики на успешен аниматор. На многу хотели им требаат аниматори кои можат да забавуваат туристи и да го направат нивниот престој незаборавно искуство во одморалиштето, кој ќе биде причина за враќање на туристите. Еден одклучни фактор за успех на туризмот е аниматорот. Денес, целиот сектор за туризам е врз основа на анимирање на туристите.

Целта на овој труд е да се покаже улогата на аниматорите во збогатувањето на содржината на туристичкиот престој. За успешно извршување на анимацијата на туристите аниматорите мора да исполнат одредени карактеристики кои ќе бидат опфатени со програмата.

**17. Koteski, C.,** Josheski, D., Dimitrov, N., Jakovlev,Z., Bardarova, S., Koteski, G.,Zezova, A.(2014) *Медијални настапи и прагматичен туризам*. Journal of Tourism and Hospitality Management, 2 (2). pp. 60-66. ISSN 2328-2169.

Во трудот авторите ја анализираат современата туристичка понуда на услуги која подразбира продукциски мултивалоризирани природни, антропогени, комуникативни и рецептивни вредности на конкретен објект или географски простор како туристичка дестинациска цел. Во трудот се дадени примери за доживување на туристичката понуда преку примери во Македонија, од аудиовизуелен-реален, преку виртуелен-замислен, до виртуозен-совршен туризам.

**18. Koteski, C.,** Josheski, D., Jakovlev, Z., Bardarova, S., Serafimova, M. (2014) *The Importance of Hunting and Hunting Areas for Big and Small Game (Food) for the Tourism Development in the Crna River Basin in the Republic of Macedonia*. Journal of Earth Science and Enginering. pp. 121-125. ISSN 2159-581X.

Авторите со научниот труд сакаат да гi прикажат ловот и ловните површини за крупен и ситен дивеч, структурата на површините на одредени ловишта, риболовот, риболовни водни објекти, видовите на риби, приказ на рибниците по општини со старост до 20 години и индивидуални земјоделски стопанства со рибници во сливот на Црна Река во Република Македонија.

**19.** Jakovlev, Z., **Koteski, C.,** Bardarova, S., Serafimova, M., Dzambazoski, K. (2014) *The Sports-Recreational Animation as a Factor for Tourism Development*. Journal of Tourism and Hospitality Management, 2 (1). ISSN 2328-2169

Во трудот авторите ја анализираат спортската и туристичката дејност како дејствуваат заедно. Модерните хотели имаат базени, терени за голф, детски игралишта, спортски сали итн., со цел туристите да се занимаваат со спорт и да се забавуваат. Од друга страна, туристичките агенции организираат посети на некои (важни) спортски настани за посетителите да се прошетаат и да се забавуваат. Оттука, целта на овој спорт е да се анимираат туристите. На пример Олимписките игри се светски најпознати спортски настан, каде што многу пари се трошат со цел посетителите кои ќе дојдат на тој настан само да уживаат од целиот свет и да се забавуваат. Очигледно постои поврзаност помеѓу спортот и анимацијата во туризмот, затоа е потребно да се направат инвестиции во спортот, ако сакаме да се вложи повеќе за да се забавуваат во туризмот. Иако туризмот не е спортска гранка, таа опфаќа многу спортски активности (спортско рекреативни, спортски настани итн). Од тоа може да се заклучи дека туризмот и спортот се меѓусебно поврзани феномени.

**20.** Bardarova, S., Jakovlev, Z., **Koteski, C.**(2013) *Investment of human capital in tourism and hospitality with a specific reference of R. Macedonia*. Journal of Process Management – New Technologies International, 1 (4). pp. 74-81. ISSN 2334-7449

Во трудот авторите објаснуваат за фактот дека денес туризмот зема сè поголем замав во дел од БДП, ги поттикнаа фирмите од туристичкиот сектор да преземат мерки за да инвестираат во својот бизнис. Така со оглед на бројните истражувања се докажуваат дека денес туризмот зема сè поголемо учество во економијата и според ефикасноста и создавањето на профит и во туризмот има сè повеќе вработени, за разлика од минатото, кога капиталот е создаден во областа на парите и материјалните средства. Предмет на овој научен труд се компаниите од туристичкиот сектор во Република Македонија и како тие инвестираат во човечкиот капитал.

**21.** Josheski, D., Dimitrov, N., **Koteski, Cane.**(2012) *Naselenieto i ekonomskiot rast, primerok so nadolžni podatoci od Balkanskite zemji*. Economic Growth eJournal, Population and economic growth theme: Longitudinal data for a sample of Balkan countries, 4 (26). p. 30.

Во овој труд авторите го користат севкупниот напречен пресек во примерок од 10 балкански земји. Периодот кој се покрива е од 1950 do 2009 година, податоци за населението и економскиот раст. Во теоретскиот дел ги презентирале оптималните големини меѓу генерациските модели на раст на населението.

Потрошувачката треба да биде поголема од нула, а помалку од вкупниот капитал на моменталната-изнајмена генерација. Во економетрискиот дел OLS регресијата со Dummies коефициентот на Macedonia е највисок значаен коефициент, ако го контролираме за Македонија просечно ќе пронајдеме повеќе позитивна асоцијација помеѓу растот на БДП и растот на населението. Hausman тестот беше во корист на фиксните ефекти на моделот, на фиксните ефекти и случајните ефекти, моделот покажа дека постои позитивен коефициент помеѓу растот на БДП и растот на населението.

**22.** Mitreva,E., Jakovlev,Z., **Koteski,C.,** Kitanov, V., Angelkova, T. (2012) *Analysis of the existing management system in Macedonian companies and the necessity of accepting the TQM philosophy.* International Journal of Pure and Applied Sciences and Technology, 8 (2). pp. 54-63. ISSN 2229 – 6107.

Во овој труд авторите прикажале анализа за проблемите на македонските компании кои имаат проблеми во глобалниот пазар, што го принудува глобалното зголемување на барањата за изградба на уште повеќе строги правила.

Постојаната состојба е анализирана преку четири колони на квалитет на куќата (стандардизација, методи и техники за недефектна работа, едукација и мотивација, и анализа на трошоци. Од анализата на истражувањето се наметнува потребата за прифаќање на нова стратегија во проектирањето на системот за управување во македонските компании, која беше врз основа на TQM (вкупно управување со квалитетот) филозофија. Оваа филозофија бара помалку време и пари, може да има исти или поголеми ефекти од зголемување на инвестициите во опремата.

**23.** Mitreva,E., Jakovlev,Z., **Koteski,C.,** Kitanov,V., Angelkova, T. (2012) *Should There be Redesign or Reengineering of the Business Process in Macedonian Companies*. International Journal of Pure and Applied Sciences and Technology, 8 (2). pp. 64-70. ISSN 2229 – 6107

Во овој труд авторите ги анализираат појавата на Ѕтандардот ИСО 9001 и TQM (Тотал квалитет менаџмент) филозофија во светот ја доведе до масовно користење на оваа стратегија: од една страна поставено како маркетинг стратегија за задоволување на потребите на потрошувачите / корисниците, а оддруга страна, како супериорен стил на работа за унапредување на конкурентноста иефикасноста, намалување на таксите и долгорочен и силен напредок, бидејќи генерално, менаџерите се секогаш скептици. Во време на голема конкурентност имногу субјекти на пазарот, квалитетот на работата е направен во компанијата е на големо значење. Суштинската работа во користењето на стратегијата ТКМ во македонските компании е реинженерингот на деловните процеси.

**24.** Josheski, D., Lazarov, D., **Koteski, C.,** Sovreski, Z.(2011) *The world energy production, consumption and productivity in the energy sector, population and the per capita growth: Regression analysis*. Munich Personal RePEc Archive (34359). p. 12. ISSN 34359.

Во овој труд авторите го истражуваат односот помеѓу БДП по глава на жител растот и најавите на производството на електрична енергија, потрошувачката на енергија по жител, во дневникот на продуктивноста во енергетскиот сектор и населението.

Во податоците се опфатени примероци за 220 земји и региони во светот, опфатен е периодот од 1980 до 2002 година.

***Труд во стручно (научно-популарно) списание (годишници) во земјава:***

**25.Koteski, C.,** Jakovlev, Z., Angelkova, T., Mitreva, E., Kitanov, V. (2014) *Преглед на патничкиот и товарниот сообраќај во Република Македонија во периодот од 1982 до 2010 г*. Bulletin of Papers ASA - 2010-2011 (26-27). pp. 49-55. ISSN 0352-3497

Во овој труд авторите го елаборираат значењето на патничкиот и товарниот сообраќај кој е од огромно значење за нашата земја. Привлекувањето на странски патници и инвеститори е од огромно значење за економскиот развој на нашата земја. Разгледано е како во изминатите 28 години како се одвивал патничкиот и товарниот собраќај во нашата земја во периодот од 1982 до 2010 година. За да имаме подетална слика за патничкиот и товарниот сообраќај во нашата земја е разгледан подетално по гранки.

**26.Koteski, C.,** Jakovlev, Z., Angelkova, T., Mitreva, E., Kitanov, V. (2014) *Преглед и состојба на поштенскиот сообраќај, мрежата и бројот на претплатници во телекомуникацискиот сообраќај во Република Македонија во периодот од 2005 до 2010 година*. Bulletin of Papers ASA - 2010-2011 (26-27). pp. 57-66. ISSN 0352-3497

Во трудот авторите ги анализираат во нашата земја размената на мисли, вести и известување каде што постојат и се користат поштенскиот, телеграфскиот, телефонскиот, радио и телевизискиот сообраќај како дел од ПТТ сообраќајот.

Други видови на сообраќај кои постојат во нашата земја се водниот, градскиот и цевоводниот сообраќај. Во овој научен труд посебно е разгледан поштенскиот сообраќај, мрежата и бројот на претплатниците во телекомуникацискиот сообраќај во нашата земја.

**27.Koteski,C.,** Jakovlev,Z., Angelkova,T., Mitreva,E., Kitanov, V. (2014) *Преглед на странски туристи и ноќевања по земји на припадност кои ја посетиле Република Македонија во периодот од 2006-2010 г*. Bulletin of Papers ASA - 2010-2011 (26-27). pp. 67-74. ISSN 0352-3497

За правилно планирање на развојот на туризмот во нашата земја постојат голем број фактори кои влијаат директно или индиректно. Зголемувањето на бројот на туристите, како на домашните така и на странските, пред сè зависи од линиската инфраструктура, видовите на патишта, железничката мрежа, модернизацијата на воздушните пристаништа и квалитетот на сместувачките објекти, понудената квалитетна услуга во нашата земја и секако субвенциите од државата за ТА.

**28.**Josheski, D., **Koteski, C.,** (2014) *Стакелберг моделот и свитканата крива на побарувачка: Динамични олигополи.*Bulletin of Papers ASA - 2014. pp. 75-81. ISSN 0352-3497

Во научниот труд авторите даваат анализа на еден модел на конкуренција и еден модел на монопол, каде што има многу модели на олигополи: мал број на фирми кои се свесни за постоењето една на друга. Цените во свитканата крива на побарувачката се ригидни нагоре, а не надолу. Значи претпоставката за „фокусна цена" значи ригидност нагоре, но не и ригидност надолу.З аклучокот е бидејќи не знаеме како воопшто фокусната цена е селектирана, свитканата побарувачка има мала моќ на предвидување во Стакелберг моделот. Во Марковљевата перфектна еквилибриа (МПЕ), фирмата наплаќа цена на монополската цена на фирмата 1, но на фирмата 2.

***Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир во земјава:***

**29. Koteski, C.,** Josheski, D., Magdinceva S, M.(2014) *Tobin's q and R&D investment in CESEE countries*. In: SMEs Development and innovation building competititve future of Southeastern Europe, 3-4 Oct 2014, Ohrid, Macedonia.

Авторите во овој труд го објаснуваат Тобин и R & D инвестициското прашање кое е предмет на истражување. Тобин е н количник кој е изведен од страна на соодносот на пазарната вредност (пазарната капитализација на котираните компании со исклучок на инвестициски компании и инвестициски фондови) со замена на вредноста на капиталот се користат во производството (приспособени заштеди: потрошувачката на фиксен капитал). Понатаму, влијанието на индексите на демократијата Фридом Хаус политичките права и граѓанските слободи на Фридом Хаус, како пример за демократија која е испитана заедно со некои владини поврзани променливи, како и други макроекономски варијабли. Основната идеја на овој труд е изведена од стрелките на трудот. Zvi Griliches првпат е воведена функција на производство, која се однесува на пазарната вредност на фирмите, материјалните и нематеријалните средства. Овој модел, исто така, може да се примени во мала и едноставена кејнзијанска рамка, каде што промената на капиталот (инвестиции) е функција на разликата меѓу вистинските q и нормално $\bar{\Pi}$. Во емпирискиот дел теориите биле тестирани на севкупните податоци добиени од примерокот од 12 земји CESEE

**30. Koteski, C.,** Jakovlev, Z., Mitreva, E., Angelkova, T., Bardarova, S., Kitanov, V.(2014) *Zastita i prezentacija na kulturnoto nasledstvo na op. Prilep za turisticki celi*. In: 2nd International Conference on Cultural Heritage, Media and Tourism, 18-19 Jan 2014, Ohrid, Macedonia.

